# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 20 Мај 2025 година<br>Скопје<br>Бр.6 Год. XX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.22
**Уредува:** Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
**тел.** 02/2039-307 ; 02/2039-308
**фах.** 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за измена и дополнување на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања ....стр.2
2. Одлука за верификација на мандат на член на Совет на Општина Ѓорче Петров ....стр.4
3. Одлука за избор на Претседател на советот на Општина Ѓорче Петров ....стр.6
4. Одлука за усвојување на измени и дополнување на Финансиски планови на ЈОУДДГ Росица за 2025 г. ....стр.8
5. Одлука за давање согласност за преземање административен службеник (Советник за јавни набавки) ....стр.10
6. Одлука за давање согласност за преземање административен службеник (Советник за образование) ....стр.12
7. Одлука за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров ....стр.14
8. Одлука за донесување Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 1.22 и ГП 1.25 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 ....стр.17

9. Одлука за измена и дополнување на Програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во општина Ѓорче Петров за 2025 година ............................................................стр.19
10. Одлука за измени и дополнување на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор во 2025 година ....................................стр.22
11. Одлука за измени и дополнување на Програмата од областа на основното образование на општина Ѓорче Петров за 2025 година ........................................................................................................стр.25
12. Одлука за измени и дополнувања на Програмата за комунални дејности за 2025 година....стр.28
13. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ....................................................................................................................стр.33
14. Одлука за измени и дополнувања на Планот за развојни програми 2024-2026 година ..........стр.36
15. Одлука за измени и дополнувања на Планот за развојни програми 2025-2027 година ..........стр.43
16. Одлука за измена и дополнување на програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за 2025 година ................................................................................................стр.76
17. Одлука за измена и дополнување на програмата за јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за 2025 година ...................................................................................................................стр.78
18. Одлука за доделување на финансиски средства ..........................................................................стр.80
19. Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на средства од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2025 година наменети за општинските основни училишта на територијата на општина Ѓорче Петров ..................................................................стр.83
20. Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ...............................................................................................................................................стр.89
21. Одлука за измена на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ..................................................................................................................................................стр.99
22. Одлука за измена и дополнување на буџетот (Прв Ребаланс) на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ................................................................................................................................................стр.102
23. Одлука за давање согласност за кофинансирање проекти на Граѓански Организации (ГОи) во рамките на јавните повици организирани преку ReLOaD3 програмата ..........................................стр.150

**Мај 2025 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања**

Се објавува одлуката за измена и дополнување на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/1**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1, а во врска со член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 42, 43 и 44 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 8/23) и член 109 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 12/06), советот на Општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на ден 20.05.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на советот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров врши измена и дополнување во член 1 алинеја 1 од Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на советот на Општина Ѓорче Петров број 08-1926/7од 04.11.2021 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 13/2021), како што следи:

- за Претседател на комисијата наместо Ленче Нелоска, се именува Загорка Несторовска;

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-945/2**
**Од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Зоран Најдановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

# РЕШЕНИЕ
## За објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Совет на Општина Ѓорче Петров

Се објавува одлуката за верификација на мандат на член на Совет на Општина Ѓорче Петров, Бранкица Дуковски, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/2**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 155а став 1 од Изборниот Законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16,97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македоноија“ бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), член 9 од Статутот на општина Ѓорче Петров –Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23) и член 9 од Деловникот за работа на советот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.12/2006), советот на општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на ден 20.05.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
**за верификација на мандат на член на Совет**
**на општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се верификува мандатот на член на советот на општина Ѓорче Петров, Бранкица Дуковски, од листата на кандидати за членови на Совет на општина Ѓорче Петров, поднесена од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-945/3**
**Од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Зоран Најдановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за избор на Претседател на советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за избор на Претседател на советот на Општина Ѓорче Петров,Славчо Мисајлески, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/3**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 47 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“бр.5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 15 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (“Службен гласник на општина Ѓорче Петров”број 8/23, советот на општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на ден 20.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на Претседател на советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

1. За Претседател на советот на Општина Ѓорче Петров, се избира членот на советот Славчо Мисајлески.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-945/4**
**Од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Зоран Најдановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на Одлука за усвојување на измени и дополнување на финансиски планови на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за 2025 година

Се објавува одлуката за за усвојување на измени и дополнување на Финансиски планови на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/4**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 116 став 1 алинеја 3 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015 и 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/2018 и Службен весник на РСМ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022 и 236/2022), член 16 став 1 точка 6 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на 20.05.2025 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за усвојување на измени и дополнување на финансиски планови на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за 2025 година

### Член 1

Со оваа Одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на финансиските планови на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за 2025 година и тоа:

- Финансискиот план на средствата од сметката од самофинансирачки активности 778010199678717 и
- Финансискиот план на средствата од сметката на наменските и блок дотациите 778010199690311;

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 02-945/5**
**од 20.05.2025 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука** за давање согласност за преземање административен службеник (Советник за јавни набавки)

Се објавува одлуката за давање согласност за преземање административен службеник - Советник за јавни набавки, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/5**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), и член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), советот на општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на 20.05.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за преземање административен службеник**

**Член 1**

Се дава согласност на Општина Ѓорче Петров за пополнување на работно место Советник -локален администратор и водење постапки за јавни набавки со звање советник и шифра на работно место УПР 01 01 В01 000 во Одделение за јавни набавки, Сектор за нормативно-правни, општи работи, работа со Совет и јавни набавки.

**Член 2**

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 02-945/6**
**од 20.05.2025 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## **За објавување на Одлука за давање согласност за преземање административен службеник**

Се објавува одлуката за давање согласност за преземање административен службеник - Советник за образование, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/6**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), и член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), советот на општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на 20.05.2025 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за давање согласност за преземање административен службеник

**Член 1**

Се дава согласност на Општина Ѓорче Петров за пополнување на работно место Советник за образование со звање советник и шифра на работно место УПР 01 01 В01 000 во Одделение за јавни дејности, Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности.

**Член 2**

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 02-945/7**
**од 20.05.2025 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на Одлука за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров

Се објавува Одлуката за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/7**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а в.в со член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 55-тата седница, одржана на 20.05.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со одлуката за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров договорните страни вршаат изменување на одредбите со кои е уредена платата на вработените кои немаат статус на административни службеници.

**Член 2**

Во Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-2200/1 од 24.11.2022 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/22 од 24.11.2022 година и Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-1805/1 од 12.11.2024 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/24 од 12.11.2024 година, се изменува членот 40, став (3) каде што во табеларниот приказ, во делот „бодови“ се менуваат бодовите кај називите на следниот начин:

- Хигиеничар, бројот „2525 “ се менува и гласи „2685“;
- Умножувач/копирант бројот „2525 “ се менува и гласи „2685“;
- Кафекувар/ка бројот „2525 “ се менува и гласи „2685“;
- Чувар-портир II бројот „2565 “ се менува и гласи „2725“
- Домаќин бројот „2565 “ се менува и гласи „2725“;
- КВ работник за извршување на помошни работи бројот „2606“ се менува и гласи „2766“
- Работник за извршување на помошни работи бројот „2666“ се менува и гласи „2826“
- Работник за давање податоци-информации бројот „2666“ се менува и гласи „2826“
- Возач III бројот „2928 “ се менува и гласи „3088“ и
- Возач на градоначалникот бројот „3290 “ се менува и гласи „3450“.

**Член 3**

Во членот 41 став (5) бројот „113“ се менува и станува „199“.

**Член 4**

Останатите одредби од Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-2200/1 од 24.11.2022 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/22 од 24.11.2022 година и Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-1805/1 од 12.11.2024

година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/24 од 12.11.2024 година не се менуваат и останувaат во сила.

**Член 5**

Исплатата на плата согласно членот 2 од оваа Одлука за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, отпочнува со исплата на платата за месец мај 2025 година.

**Член 6**

Оваа Одлука и Колективниот договор за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и преку електронските гласила на договорните страни.

Договорот за измена стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Работодавачот односно синдикатот има обврска на секој вработен да му овозможи увид во договорот за изменување и дополнување на колективен договор.

Договорот се заверува кај договорните страни кои се негови потписници.

**Член 7**

Советот на Општина Ѓорче Петров го овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да го потпише Колективниот договор за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров.

**Член 8**

Одлуката за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров влегува во сила со денот на потпишување на Колективниот договор за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, а се објавува во Службениот гласник на Општина Ѓорче Петров.

Доколку двете договорни страни не го потпишат наведениот колективен договор, оваа Одлука не произведува правна сила.

**Број 02-945/8**
**од 20.05.2025 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за донесување Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 1.22 и ГП 1.25 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 Општина Ѓорче Петров - Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 1.22 и ГП 1.25 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр.08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр.08-1360/4 од 13.07.2023год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год. бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр. 02-1260/20 од 21.08.2024 год. и бр.02-354/4 од 25.02.2025 год.), што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/8**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на 20.05.2025 година, донесе:

## ОДЛУКА

**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 1.22 и ГП 1.25 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр.08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр.08-1360/4 од 13.07.2023год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год. бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр. 02-1260/20 од 21.08.2024 год. и бр.02-354/4 од 25.02.2025 год.)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 1.22 и ГП 1.25 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр. 08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр. 08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр. 08-1360/4 од 13.07.2023 год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр. 02-1260/20 од 21.08.2024 год. и бр. 02-354/4 од 25.02.2025 год.), изработен од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со техн. бр. 62/25-У од април 2025 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10- 735/7 од 24.04.2025 год.

**Член 2**

Техничката исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 1.22 и ГП 1.25 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр.08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр.08-1360/4 од 13.07.2023 год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр.02-1260/20 од 21.08.2024 год. и бр. 02-354/4 од 25.02.2025 год.), изработен од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со техн. бр. 62/25-У од април 2025 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр.08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр.08-1360/4 од 13.07.2023 год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр.02-1260/20 од 21.08.2024 год. и бр. 02-354/4 од 25.02.2025 год.).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-945/9** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 20.05.2025 година** — **Претседател,**
**С к о п ј е** — **Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на Програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

Се објавува одлуката за измена и дополнување на Програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/9**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на 20.05.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на ПРОГРАМА за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 14/24):

Во делот **ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА** се предлага:

Активноста: „Трансфери до градинката „Росица“ во Општина „Ѓорче Петров“ за јубилејни награди, пензионирања и солидарна помош за права стекнати со Колективниот договор за социјална и детска заштита и другите законски прописи во Република Македонија за 2024 и 2025 година“ да се додаде на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година, со износ од 2.000.000,00 денари. Средствата се предвидуваат за исплаќање на наведените права кои започнаа да се реализираат од 2024 година, поради што се предлага да се исплаќаат и 2024 и 2025 година.

### Член 2

Во делот ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА, ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА се предлага: Средствата во износ од 2.000.000,00 денари да се додадат на вкупните предвидени средства со Програмата за социјална, детска и здравствена заштита.

Врз основа на претходно наведеното се менува Финансирањето на активностите од областа на социјална, детска и здравствена заштита утврдени со програмата на општина Ѓорче Петров, при што вкупниот износ од 15.100.550,00 се менува и изнесува 17.100.550,00 денари кои се предвидени со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

### Член 3

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година е составен дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-945/10**
**од 20.05.2025 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор во 2025 година**

Се објавува одлуката за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор во 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/10**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на 20.05.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2025 година , објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 14/24):

Во делот **ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР** ЗА 2025 ГОДИНА се предлага:

Активностите: Велигденски фестивал за кој беа предвидени 400.000 денари и Ден на крстот за кој беа предвидени 400.000 денари да се избришат од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и невладиниот сектор за 2025 година, односно да не се реализираат, согласно Записникот од 26-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржана на 24.03 2025 година и Заклучокот на Управниот одбор на ЗЕЛС кој гласи „да им се препорача на општините да ги откажат јавните настани од културно-забавен карактер што се планирани од установите во надлежност на општините, односно овие активности да се пренасочат во акции на засадување на дрвца, во чест на трагично загинатите во пожарот.“

**Член 2**

**Во делот ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР** ЗА 2025 ГОДИНА се предлага: Средставата во износ од 800.000,00 денари да се одземат од вкупните предвидени средства со Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и невладиниот сектор за 2025 година.

Врз основа на претходно наведеното се менува Финансирањето на активностите од областа на културата и невладиниот сектор за 2025 година утврдени со програмата на општина Ѓорче Петров, при што вкупниот износ од 6.740.000,00 се менува и изнесува 5.940.000,00 денари, средства кои се предвидени со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

**Член 3**

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и невладиниот сектор за 2025 година е составен дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и невладиниот сектор за 2025 година.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и невладиниот сектор за 2025 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

| | |
|---|---|
| **Број 02-945/11** | **Совет на Општина Ѓорче Петров** |
| **од 20.05.2025 година** | **Претседател,** |
| **С к о п ј е** | **Славчо Мисајлески с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Програмата од областа на основното образование на Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

Се објавува одлуката за измени и дополнување на Програмата од областа на основното образование на Општина Ѓорче Петров за 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/11**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на 20.05.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2025 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на ПРОГРАМА за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2025 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 14/24):

Во делот **ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА** се предлага:

Активноста: „Априлијада – детски маскембал“ за која беа предвидени 100.000 денари да се избрише, односно да не се реализира како заедничка воннаставна активност на основните училишта, согласно Записник од 26-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржана на 24.03.2025 година и Заклучокот на Управниот одбор на ЗЕЛС да им се препорача на општините да ги откажат јавните настани од културно-забавен карактер што се планирани од установите во надлежност на општините, односно овие активности да се пренасочат во акции на засадување на дрвца, во чест на трагично загинатите во пожарот.

Активноста: „Трансфери до општинските основни училишта во Општина „Ѓорче Петров“ за јубилејни награди, пензионирања и солидарна помош за права стекнати со Колективниот договор за образование и другите законски прописи во Република Македонија за 2024 и 2025 година“ да се додаде на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2025 година, со износ од 3.230.000,00 денари. Средствата се предвидуваат за исплаќање на наведените права кои започнаа да се реализираат од 2024 година, поради што се предлага да се исплаќаат и 2024 и 2025 година.

### Член 2

Во делот ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА се предлага: Средставата во износ од 100.000,00 денари да се одземат, додека средствата во износ од 3.230.000,00 денари да се додадат на вкупните предвидени средства со Програмата за основно образование.

Врз основа на претходно наведеното се менува Финансирањето на активностите од областа на основното образование утврдени со програмата на општина Ѓорче Петров, при што вкупниот износ од 10.490.000,00 се менува и изнесува 13.620.000,00 денари кои се предвидени со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

### Член 3

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2025 година е составен дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2025 година.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2025 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-945/12**
**од 20.05.2025 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на одлуката за измени и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2025 година**

Се објавува одлуката за измени и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/12**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Р.С.Македонија бр.202/24)), член 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12,163/13,42/14,44/15,147/15,31/16 и 64/18 и („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.302/20), член 15 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.216/21) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23) ,советот на Општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на 20.05.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности**
**на Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2025 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 14/23).

**Член 2**

Се изменува и дополнува Програмата за комунални дејности, Програма ЈН Урбана опрема (капитални расходи); Ј4 Јавна чистота; Ј6 Одржување и заштита на локални патишта,улици и регулирање на режимот на сообраќај; Ј70-Одржување и користење на паркови и на зеленило; ЈФ0-Изградба на сообраќајна сигнализација; ЈДА-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици; ЈДЈ- Реконструкција на ул.5 со краци и ул.7 во Волково (кон с.Орман) и крак 3 (десно) на ул.70 во Волково; ЈДК- Реконструкција на краци (десно) на ул.100 во Волково; ЈДЛ- Реконструкција на ул.49 и краци на ул.95; ЈДМ-Реконструкција на линиски објект- улица 20,улица 84 и улица 44 со крак во Кисела Јабука, во Општина Ѓорче Петров; ЈДН- Реконструкција на линиски објект-краци на улица 1 во Ново Село; ЈМА Изградба и реконструкција на зелени површини; Е0 Општинска администрација; ЕА Општинска администрација ( капитални расходи); ЕАА Општинска администрација (капитални расходи); КАА – Реконструкција и надградба на дом на култура Д1-Месна самоуправа; Н1-Основно образование; ВА-Детски градинки (капитални расходи); ВАА-Изградба и реконструкција на објекти за детски градинки; ВАБ-Изградба и реконструкција на објекти за детски градинки - Изградба на Градинка во Општина Ѓорче Петров-Дексион; НА-Основно образование (капитални расходи); ЛА0-Спорт и рекреација (капитални расходи);

**Член 3**

Се изменува и дополнува:

1. Програма ЈН0-Урбана опрема (капитални расходи), конто 480190 купување на друга опрема, бројот 10.500.000,00 се заменува со бројот 4.500.000,00

2. Програма Ј40- Јавна чистота конто 423310 Униформи, износ во денари бројот 200.000,00 се заменува со бројот 120.000,00; конто 423320 Обувки износ во денари бројот 100.000,00 се заменува со бројот 80.000,00

3. Програма Ј6-Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај конто 424320 Одржување на улици и патишта износ во денари,бројот 9.338.940,00 се заменува со бројот 5.838.940,00 ,

4. Програма Ј70-Одржување и користење на паркови и на зеленило конто 424590 Одржување на зелени површини околу згради, износ во денари, бројот 1.000.000,00 се заменува со бројот 0 ;

5. Програма ЈФ0-Изградба на сообраќајна сигнализација конто 482110 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати, износ во денари, бројот 300.000,00 се заменува со бројот 0; конто 482120 Изградба на улици,патишта и автопати износ во денари, бројот 7.390.180,00 се заменува со бројот 4.390.180,00;

6. Потпрограма ЈДА Изградба и реконструкција на локални патишта и улици конто 482820 Изградба на објекти од енергетика износ во денари бројот 4.000.000,00 се заменува со бројот 6.500.000,00,

7. Се дополнува потпрограма ЈДЈ Реконструкција на ул.5 со краци и ул.7 во Волково (кон с.Орман) и крак 3 (десно) на ул.70 во Волково, конто 482130 Реконструкција на улици и патишта со износ од 15.440.486,00 денари;

8. Се дополнува потпрограма ЈДК- Реконструкција на краци (десно) на ул.100 во Волково конто 482130 Реконструкција на улици и патишта со износ од 2.540.693,00 денари;

9. Се дополнува потпрограма ЈДЛ- Реконструкција на ул.49 и краци на ул.95 конто 482130 Реконструкција на улици и патишта со износ од 8.859.289,00 денари;

10. Се дополнува потпрограма ЈДМ- Реконструкција на линиски објект- улица 20,улица 84 и улица 44 со крак во Кисела Јабука, во Општина Ѓорче Петров конто 482130 Реконструкција на улици и патишта со износ од 6.390.691,00 денари;

11. Се дополнува потпрограма ЈДН- Реконструкција на линиски објект-краци на улица 1 во Ново Село конто 482130 Реконструкција на улици и патишта со износ од 7.337.551,00 денари;

12. Програма ЈМА Изградба и реконструкција на зелени површини конто 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти износ во денари бројот 500.000,00 се заменува со бројот 3.074.820,00 денари;

13. Програма Е0 Општинска администрација конто 424210 Одржување на згради износ во денари бројот 8.594.700,00 се заменува со бројот 10.024.700,00 денари; се додава конто 426990 Други оперативни расходи со износ од 944.000,00 денари;

14. Програма ЕА Општинска администрација (капитални расходи) конто 480190 Купување на друга опрема износ во денари, бројот 736.900,00 се заменува со бројот 230.100,00; конто 483190 Купување на друга опрема износ во денари,бројот 1.500.000,00 се заменува со бројот 1.000.000,00; конто 485230 Компјутерски софтвер, износ во денари, бројот 4.200.000,00 се заменува со бројот 3.800.000,00;

15. Потпрограма ЕАА Општинска администрација ( капитални расходи) се брише во целост;

16. Се дополнува потпрограма КАА Реконструкција и надградба на Дом на култура, конто 48910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти – 500.000,00 денари; конто 482920 Изградба на други објекти – 10.000,00 денари; конто 481230 Реконструкција – 10.000,00 денари; конто 482940 Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура – 200,00 денари;

17. Програма Д1 – Месна самоуправа конто 424210 Одржување на згради, износ во денари, бројот 608.140,00 се заменува со бројот 2.108.140,00;

18. Програма Н1 – Основно образование, конто 424440 Поправки и одржување на друга опрема, износ во денари, бројот 480.000,00 се заменува со бројот 300.000,00;

19. Програма ВА-Детски градинки (капитални расходи) конто 481120 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти, износ во денари бројот 0 се заменува со бројот 2.681.440,00; конто 482920 Изградба на други објекти износ во денари, бројот 74.222.320,00 се заменува со бројот 59.222.320,00;

20. Потпрограма ВАА-Изградба и реконструкција на објекти за детски градинки конто 482920 Изградба на други објекти, износ во денари , бројот 8.900.000,00 се заменува со бројот 500.000,00; конто 482940
Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура, износ во денари, бројот 1.818.000,00 се заменува со бројот 18.000,00;

21. Потпрограма ВАБ Изградба и реконструкција на објекти за детски градинки - Изградба на Градинка во Општина Ѓорче Петров-Дексион, конто 482920 Изградба на други објекти , износ во денари , бројот 41.000.000,00 се заменува со бројот 20.000.000,00;

22. Програма НА-Основно образование (капитални расходи),се додава конто 480160 Набавка на опрема за греење и климатизација, со износ во од 6.000.000,00 денари; конто 481210 Подготвување на проекти за деловни објекти, износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 1.300.000,00, конто 481230 Реконструкција, износ во денари, бројот 1.951.710,00 се заменува со бројот 2.341.710,00;

23. Програма ЛА- Спорт и рекреација (Капитални расходи), конто 482910 Подготвување проекти вклучително дизајн на спортски и детски игралишта, износ во денари, бројот 1.000.000,00 се заменува со бројот 0; конто 482920 Изградба на спортски и детски игралишта износ во денари, бројот 7.000.000,00 се заменува со бројот 2.500.000,00; конто 482930 Реконструкција на спортски и на детски игралишта , износ во денари, бројот 12.000.000,00 се заменува со бројот 9.000.000,00 денари ; конто 480190 Набавка на опрема , износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 1.500.000,00.

**Член 4**

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности е составен дел на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

**Член 5**

Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални дејности и инвестиции, да изработи пречистен текст на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-945/13**
**од 20.05.2025 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

Се објавува одлуката за измени и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница на советот, одржана на ден 20.05.2025 година.

**Број 02-991/13**
**од 20.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

